

# International Monetary Fund

*Ambrogio Lorenzetti; The Effects of Good Government on the City Life; Fresco; Palazzo Pubblico, Siena (Italy)*

# КОРУПЦИЈА: ТРОШОЦИ И СТРАТЕГИИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

ПАРЛАМЕНТАРНА РАБОТИЛНИЦА

# Глобален контекст

- Корупцијата е еден од најзначајните проблеми со кој светот се соочува денес
- Растечката нееднаквост во приходите ја зголемува перцепцијата на „наместени“ национални и глобални системи
- Корупцијата уште повеќе ја потхранува оваа перцепција и предизвикува морално незадоволство
  - Улични протести (на пример, Арапската пролет (низа демонстрации и протести во дел од арапските земји), Украина, Хондурас, Гватемала)

# Макроекономско влијание

- Корупција во јавниот сектор – злоупотреба на јавна функција за лична добивка
- Негативно влијание врз економиите во кој било степен на развој
- Меѓу 1,5 и 2 билиони американски долари годишно се трошат само за мито (тоа е околу 2% од глобалниот БДП)
- Очигледно е дека корупцијата има макроекономско влијание
- Студии спроведени во неколку држави покажуваат дека економските и социјалните трошоци за корупцијата ја поткопуваат способноста за постигнување инклузивен и одржлив раст

# Цели

- Економски и социјални трошоци за корупција – Преглед
- Како да се намали корупцијата?
  - Едноставна аналитичка рамка - Преодни политики и канали
  - Улогата на ММФ

# Економски и социјални трошоци за корупција

# Трошоци за корупција: Канали



# “Корупцијата убива” (по пожарот во ноќен клуб во Букурешт во 2015 година)



# Корупција, доверба и база на приходи




Извор: World Values Survey

# Стратегии за справување со корупцијата

# Трошоци и стратегии

## Искуство на ММФ

- За ефективна стратегија потребен е холистички пристап

  Меѓутоа, мерките мора да се спроведуваат по редослед, за да се осигура дека постои соодветна институционалната рамка.

- Процесот е долг (потребно е да се управува со очекувањата)

  Но, можни се и краткорочни мерки со брзи резултати.

- Превентивните мерки се значајни исто колку и извршните мерки

  Транспарентноста е типичен пример за ова.

# Корупција: Едноставна аналитичка рамка



# Како да се намалат можностите за корупција?

- Структурни реформи:
  - Број на документи, постапки, трошоци за започнување бизнис, трговија, градежни работи, регистрација на имот;
  - Намалување на бројот на регулаторни политики, лиценци;
  - Поедноставување на даночниот систем, царинската тарифа;
  - Приватизација
- Понекогаш – чиста бирократија
- Често – тежок избор меѓу намалување на корупцијата и корегирање на пазарни неуспеси
  - На пример, Грузија во 2000-2010: се затворија министерствата за пожар и за безбедност на храна.
- Уште еден тежок избор: прописи наспроти дискреција

# Како да се намалат можностите за корупција?

- Екстернализација на владините услуги:
  - На пример, контрола на квалитет во помалку корумпирани земји (на пример, лиценцирање на лекови)
  - Јавни набавки, царина
- Информатичка технологија:
  - Автоматизирани постапки: на пример, плаќање даноци, барања за лиценци, откривање сообраќајни прекршоци...
  - Дигитализирана, централна евиденција: едношалтерски системи за услуги
  - Софтверски избор за ревизии: во царина, даночна администрација,супервизија на банки
  - Софтверски избор за поставување судии на судски предмети
  - Електронски систем на јавни набавки
  - Автоматизирано доделување за социјални трансфери

# Можност наспроти Веројатност: Последователност на антикорупциски политики




- Важно е борбата против корупцијата да не претставува дополнителен товар
  - Ова е можно ако митото е бегство од прекумерната бирократија
- $\Rightarrow$ Често, намалувањето на можностите е поприоритетно од намалувањето на веројатноста
- Мито и изнуда постојат дури и ако прописите се добри
  - Справувањето со нив е исто така важно

# Корупција: Едноставна аналитичка рамка

Степен на корупција

=

Број на можности за корупција

×

Веројатност за коруптивно однесување

# Корупција: Едноставна аналитичка рамка




- Главни компоненти: плати во јавен сектор, можност да ве откријат (и да ве казнат), ... исто така, немонетарни трошоци за нечесно однесување

# „Ефикасни“ плати во јавниот сектор

- Плата↑ → веројатност за коруптивно однесување ↓
  - Само ако постои казна и веројатност за откривање на однесувањето!
- Влијанието на ефикасните плати е веројатно посилно во присуство на аверзија кон ризик или аверзија кон незаконско однесување
  - Маргиналната придобивка од незаконски стекнат приход исчезнува
- Исто така, влијанието е посилно ако зголемувањето на платата е засновано на заслуги и е транспарентно
- Недоволна, но веројатно неопходна мерка…
  - Дел од многу успешни антикорупциски стратегии: Грузија, Сингапур

# Казна и нематеријални трошоци за корупција

- Казна (парична казна, губење работно место, итн.) ↑ → веројатност за коруптивно однесување ↓
  - Повторно, влијанието зависи од веројатноста за откривање на однесувањето
- Трошоци за незаконско однесување (репутација, социјален капитал, итн.) ↑ → можност за коруптивно однесување ↓
  - Бирократите можат сами да се назначуваат на јавни функции врз основа на статус или парични награди
  - Исто така, трошоците може да зависат од довербата, од однесувањето на другите, од културата
  - Следствено, истите антикорупциски политики (плата, казни) може да доведат до ниска или висока корупција во различни земји
  - Исто така, голема еднократна ригорозна мерка може да има долготрајно влијание

# „Примери за одличност“: Нова полиција во Украина



# Казна и нематеријални трошоци за корупција

- Отежнување на начините за перење средства кои потекнуваат од корупција = ефективната придобивка од корупција е пониска
- Политички институции: потешко е да се „наместат“ политичари на функции = ефективните трошоци за корупција се повисоки
  - На пример, политичка конкуренција, ограничување на донации/лобирање/политички пристрасна поделба на изборните единици, итн.
- Регулативите мора да се спроведуваат и во приватниот сектор
  - Важни се и материјалните и нематеријалните трошоци

# Нематеријални трошоци за кршење прописи: Сообраќајни хумористични знаци во Латинска Америка






# Веројатност за откривање: Официјални институции

- Веројатност за откривање (ревизија, итн.) ↑ → веројатност за коруптивно однесување ↓
- … но, и овде треба претпазливост:
  - Ревизиите може да се корумпирани и да се искористат за виктимизација и изнуда, односно да се влоши ситуацијата со корупцијата
  - Бироата за антикорупција може да се сметаат да неефективни поради институционални недостатоци или ограничувања
    - На пример, Бирото за антикорупција во Индонезија беше „финансиски прегладнето“ бидејќи донеше исплатата на плати.
- Сепак, иако ефективна законска рамка за бироата за антикорупција можеби не е доволна, таа е неопходен елемент.
- Критична е улогата на лидерите на државата

# Веројатност за откривање: Транспарентност и следење

- Транспарентност, пристап до информации
  - Прописи и стандарди за делење информации, регистри на имот, изјави за приход, процес на јавни набавки
  - Процес на управување: јавни состаноци на совети, стенографски белешки од владини состаноци, итн.
- Информатичка технологија:
  - Откривање даночно затајување, превисоки социјални трошоци, незаконски финансиски трансакции
  - Глобална размена на информации
  - … но, внимавајте на безбедноста и измами преку Интернет
- Поттикнување на самоиницијативно следење
  - Блискост меѓу владата и граѓаните (децентрализација): повисока политичка конкуренција,  регулирана конкуренција
  - Слободни медиуми (вклучително и социјални мрежи), човечки капитал, дигитализација: понуда и побарувачка на информации за злоупотреба од страна на владата
  - Давање мито: поттикнување на пријавувањето неправилности (whistleblowing)...

# Поттикнување на пријавувањето неправилности: „Тој не сакаше да молчи“



# Намалување на корупцијата: Улогата на ММФ

# Транспарентност

- Општи иницијативи
  - Развој на меѓународни стандарди за фискална и финансиска транспарентност
  - Транспарентност во екстрактивните индустрии – тие се значајни поради нивниот релативен удел во многу економии
  - Поддршка на меѓународните стандарди за транспарентна корпоративна сопственост

- Таргетирани иницијативи
  - Таргетирани мерки во сектори кои се подложни на корупција (анкетни листови за имотна состојба; ревизија на незаконски трансакции);

# Зајакнување на владеењето на правото (казни)

- Воспоставување нови специјализирани институции
- Ефективна рамка за борба против перење пари, со цел да се минимизира перењето средства стекнати со корупција
- Регулативите мора да се спроведуваат и во приватниот сектор

# Намалување на бројот на можности за корупција

**Дерегулација**

Прекумерните регулаторни мерки се значаен извор на корупција

Дерегулацијата и поедноставувањето се темел на антикорупциска стратегија

ММФ е секогаш фокусиран на структурна реформа и дерегулација

# Градење институции

Клучен елемент е имплементацијата, и овде институциите имаат значајна улога.

Основни елементи за ефективни институции:

Потребна е јасна законска рамка

На пример: независна централна банка (овластувања, надзор, оперативна и финансиска независност, критериуми за назначување персонал, прописи за отпуштање персонал, правна заштита на персоналот)

**Соодветни технички експерти**

Институциите не можат да бидат ефективни доколку ја немаат потребната техничка експертиза

# Заклучоци

- Корупцијата спречува инклузивен и одржлив раст

- Како да се намали корупцијата?
  - Со намалување на бројот на можности: структурна реформа, дерегулација, технологија
  - Со намалување на веројатноста за коруптивно однесување: плати во јавниот сектор, казни (монетарни и немонетарни трошоци за корупција), поголеми можности за откривање (пр. транспарентност)

- ММФ е активен во многу области:
  - Транспарентност, зајакнување на владеење на правото (казни), структурна реформа и дерегулација, градење институции

Ви благодариме!